


ngm

# Ацо Таневски
# Alexander Tanevski



**Се повлече морето, се повлече водата...**
2011, комбинирана техника, диптих, 90x92 см
**Gone away Sea, Gone away Water…**
2011, mixed media, diptych, 90x92 cm

НУ НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
NI NATIONAL GALLERY OF MACEDONIA

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
MINISTRY OF CULTURE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

# Ацо Таневски / Alexander Tanevski

## Приказни од детската соба
## Stories from the Children's Room




**Лоша е ноќта татко мој, лош е патот што ти се инаети,** 1995, колаж, 75x112 см
**Evil is the Night, my Father, Evil is the Road that Spites you,** 1995, collage, 75x112 cm

Мала станица, Скопје, февруари 2011 / Mala Stanica, Skopje, February 2011

**Приказни од детската соба**
**или Преобликување на меморијата во естетика**

Ацо Таневски е автор што ги осмислува и скицира своите ликовни концепти програмски однапред и ги реализира по свој логичен распоред на размислување составувајќи сопствен мозаик во заокружување на творештвото.

Оваа изложба е составена од повеќе тематски дела чиј меѓусебен однос сочинува сложена инсталација и нивната поединечна анализа би била само општа дескрипција на изложеното. Затоа анализата на овој проект треба да се перципира како претопување и присоединување на микронаративите што создаваат нова естетско-концептуална целина – макронаратив со заеднички именител означен од авторот – *„Приказни од детската соба“*. Така се создава нова уметничка ситуација во која се рефлектираат одредени конкретни состојби на основите на личните и на интимните приказни што се колку лични, толку и воопштени и развиваат нови односи, перспективи и погледи на светот.

Без исклучок, речиси сите психоаналитичари укажуваат на фактот дека човекот својата личност и карактер ги создава во најраното детство.

Ми се чини дека токму од тука почнува идејната нишка на Ацо Таневски за оваа изложба. Тој одредува сопствена игра на чепкање по личните и по семејните доживувања, настани и сеќавања и извлекувајќи артефакти од собраната архива на вредни спомени од минатото, создава визуелна фрагментирана археологија на меморијата. Оваа изложба всушност претставува „ослободување“ на сидрото што го држи минатото и пловење кон иднината. Во таа игра на визуелна нарација и интерпретација на меморијата се обединуваат приказната со ликовноста, фантазијата со реалноста, стварното со нестварното, измислицата со вистината ... градејќи нови сликовни и наративни претстави.

Изразот и аргументите од реалноста ја отсликуваат чистотата на сеќавањето, еден вид симболично резиме на сопствениот живот т.е. соочување со себеси.

Таневски за овој проект користи разновидни „редимејд“ предмети, артикли и материјали за масовна, но и за лична употреба, кои без разлика на првобитната функција, со чинот на означување на уметнички предмет добиваат нова функција – монтажни делови на едно уметничко дело.

Микроцелините се составени од два дела (позитив-негатив), така што композициите реферираат на принципот на антитеза на контрасти во својата двојност. Создадената конфронтација се базира врз пристапот на соединување на разни теми, предмети и техники кои е невозможно да се соединат, но кохезискиот елемент што ги поврзува се авторот и неговата приказна што ја раскажува преку нив. Исто така, присутно е и повторувањето на мотивите и на предметите, нивното мултиплицирање, при што се следат промените и ритамот на мислата.

Овие колажирани или асемблажни „реди-мејд“ предмети имаат цел да го поместат значењето на готовиот предмет во семантичкото подрачје на уметноста, со што доаѓа до нивно предефинирање во *„готови предмети со минато“*. Во тој случај нивното минато – утилитарната функција го преобразува сопственото значење во уметничка – естетска функција.

Сведувањето во новото единство е оној креативен двигател што го поседува секој креативец – УМЕТНОСТА.

Таневски овие *„готови предмети со минато“* ги претвора во слики-објекти, при што на метафорички начин е поништена разликата меѓу животот и сликата. Во тој процес на преозначување и креативно моделирање, предметот е извлечен од контекстот, ја губи својата првична функција и преминува во доменот на апстрактното обликување, т.е. во уметнички објект со метафизичко значење. На тој начин искористените предмети добиваат нов живот, ново значење и ја надградуваат својата вредност.

Тој е автор отворен за експеримент, кон барањето нов пластичен израз и лична сигнатура. Во провокацијата како за себе така и за другите, во своите експериментални бранувања, концизно инсистира да се раскаже една животна сторија во секвенции и од неа да се постигне една нова и заокружена целина.

Во такви околности делата повеќе сугерираат за нивно исчитување отколку за набљудување.

И на крај, базична цел во „Приказните од детската соба“ на Ацо Таневски е да се изрази слободата на авторот во мисловниот превод на личното доживување на сопствената историја и на нејзиното естетско визуелно вообличување, како чин на себеспознанието...

Горанчо Ѓорѓиевски



**Црвениот квадрат,** 2010, асамблаж, 77x77 см
**The Red Square**, 2010, assemblage, 77x77 cm

**Stories from the Children's Room**
**Or Remodeling of the Memory into Aesthetics**

Alexander Tanevski is an artist who designs and outlines his art concepts methodically and in advance, realizing them with distinguished logical layout of thoughts, thus, creating a personal mosaic in completing of the creation.

This exhibition consists of a number of thematic pieces of art, the mutual connection of which represents a complex installation; therefore, their single analysis would only mean a general description of what is being exhibited. Consequently, the analysis of this project is to be perceived as melt together, as well as integration of the micro narratives which create new aesthetic and conceptual entirety – macro narrative with a common denominator marked by the artist – "Stories from the Children's Room". In such a way, a new artistic situation is created, which reflects certain specific states to the basis of the personal and intimate tales, which, as much as being personal, they are being generalized as well, thus, creating new relations, perspectives and world views.

With no exception, almost all the psychoanalysts point to the fact that every individual's personality and character is formed in the earliest childhood.

It seems to me that, this is exactly where Alexander Tanevski's ideological thread for this exhibition has commenced. He introduces his own game of poking at the personal and family experiences, events and memories, and, making use of the artifacts, made part of a collected archive of valuable memories from the past, he creates a visual fragmented archeology of the memory. This exhibition, in fact, represents "liberation" from the anchor that holds the past, and sailing towards the future. This game of visual narration and interpretation of the memory unites the tale and the art, the fantasy and the reality, the real and the unreal, the untruth and the truth…., creating new picturesque and narrative notion.

The expression and the arguments from the reality reflect the purity of the remembrance, a kind of symbolical resume of one's own life i.e. confronting and facing oneself personally.

For this project, Tanevski uses a variety of ready-made objects, items and materials suitable for mass, but, as well, for personal usage, which, no matter of their original function, with the very act of them being characterized as pieces of art, get a completely new role – integral part of an artwork.

The micro wholeness consists of two parts (positive-negative), in such a way that the compositions refer to the principle of antithesis of contrasts in their dualism. The created confrontation is based on the approach of uniting a variety of themes, objects and techniques which are impossible to be united, however, the cohesive element that connects them is the artist himself and the story that is being retold through them. In addition, repeated motives and objects are present, their multiplication, where the changes and the rhythm of the thought are being followed.

The purpose of these collaged and assembled ready-made objects is to shift the meaning of the ready-made objects into the semantic area of the art, which leads to their predefining into "ready-made objects with past". In such a case their past – utilitarian function transforms its own meaning into art-aesthetic function.

Bringing down to the new unity is that very creative power which every creative person possesses – THE ART.

Tanevski transforms these "ready-made objects with past" into picture-objects, where, in a metaphorical way, the difference between life and picture has been reduced. In this process of re-marking and creative modeling, the object is being drown out of the context, loses its original function and passes into the domain of abstract modeling i.e. into an art object with metaphysical connotation. This is the way in which the used objects gain new life, new meaning and strengthen their value.

He is an artist always ready to experiment, to seeking new plastic expression and personal signature. In the provocation towards himself and towards the others, in his experimental surge, he concisely insists on telling a life story in sequences and creating out of it a completely new and organized wholeness.

In such a set of circumstances, the works suggest more for their reading through, rather than observing the same.

In conclusion, the basic purpose of Alexander Tanevski's "Stories from the Children's Room", is to express the freedom of the artist in the imaginative translation of his personal experience in his own history and, consequently, its aesthetical and visual shaping, as an act of self-perceptiveness…..

Gorancho Gjorgjievski



**Универзална равенка за животот**
2008, комбинирана техника, 70x100 см, диптих
**Universal life equation**
2008, mixed media, 70x110 cm, diptych



**А што да ти кажам друго, Велике сестро...**
2008, комбинирана техника, 70x100 см, диптих
**And what else to say, my sister Velika...**
2008, mixed media, 70x100 cm, diptych

**Биографија:**

Ацо Таневски е роден во 1965 година во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во 1991 година, на Педагошкиот отсек со сликарство. Член е на ДЛУМ од 1993 година и член е на Сојузот на ликовните педагози на Република Македонија. Десет години работел како просветен работник. Освен со ликовна, се занимава и со театарска и со книжевна уметност. Живее и работи во Скопје.

**Самостојни изложби:**

**2011** - Приказни од детската соба, Национална галерија на Македонија, Мала станица, Скопје
**1995** - Орионова маглина, МКЦ, Планетариум, Скопје
**1992** - Вселенски пејзажи, Кафе-галерија „М“, ГТЦ, Скопје
Отисоци (со Рамиз Шкријељ и Благоја Богески), Базел, Швајцарија
**1990** - Цртежи и графики, Ресторан „Галија“, Скопје

**Групни изложби:**

**2010**
Минијатура ДЛУМ, Галерија „ОКО“, Скопје
Ревијална изложба ДЛУМ, Музеј на град Скопје, Скопје
Зимски салон ДЛУМ, Музеј на современата уметност, Скопје
Цртеж и графика, ДЛУМ, Дом на АРМ, Скопје
25 Години ретроспектива Дебрца, НГМ, Чифте-амам, Скопје
Дебрца 2010, Галерија Sparkassë, Охрид
**2009**
Ревијална изложба, ДЛУМ, Музеј на град Скопје
Цртеж и графика, Салон на ДЛУМ, Дом на АРМ, Скопје
**2008**
Оргули за Скопје – донаторска изложба, НГМ, Мала станица, Скопје
Зимски салон, Музеј на современата уметност, Скопје
Мал формат, Салон на ДЛУМ, Дом на АРМ, Скопје
Ревијална изложба, ДЛУМ, Музеј на град Скопје, Скопје
**2007**
Мал формат, КИЦ, Скопје
Ревијална изложба, ДЛУМ, Музеј на град Скопје
**2006**
Зимски салон, ДЛУМ, НГМ, Мала станица, Скопје
Ревијална изложба, ДЛУМ, Музеј на град Скопје, Скопје
**2002-2005**
Мал формат, КИЦ, Скопје
Мал формат, ДЛУМ, Скопје
Ревијална изложба, ДЛУМ, Скопје
**1997-2001**
Мал формат, КИЦ, Скопје
Ревијална изложба, ДЛУМ, Скопје
Годишна изложба на Сојузот на ликовните педагози
**1993**
Нови членови на ДЛУМ, Галерија на ДЛУМ, Скопје
**1991**
Дипломирани студенти на ФЛУ, Дом на АРМ, Скопје

**Колонии:**

**1995** - Прилепска колонија, Прилеп
**1998** - Лесново, Пробиштип
**1999** - Кичевска колонија, Кнежино
**2001** - Дебрца, с. Белчишта, Охрид
**2003** - Ликовна колонија, Велес
Лесново, Пробиштип
**2006** - Ликовна колонија Карпино, Куманово
**2008** - Кичевска колонија, Кнежино
Ликовна колонија на Црвениот крст, Струга
**2009** - Дебрца, с. Белчишта, Охрид
**2010** - Дебрца, с. Белчишта, Охрид

**Адреса:**
ул. Ѓорѓи Поп-Христов бр. 9/3/12, Скопје
Тел. 071/ 891-249, 078/472-241
e-mail: argoscaser@live.com



**Синиот триаголник,** 2010, асамблаж, 78x78x78 см
**The Blue Triangle**, 2010, assemblage, 78x78x78 cm

**Biography:**

Alexander Tanevski was born in 1965 in Skopje. He graduated at the Academy of fine arts in Skopje, in 1991, Pedagogical Department of Painting. He has been a member of the Association of the Macedonian Painters since 1993, and, as well, a member of the Association of Art Pedagogues of the Republic of Macedonia. He has worked in the education field for ten years. Apart from the art works, he has been active in the theater and literature sphere, as well. He lives and works in Skopje.

**Individual exhibitions:**

**2011** - Tales from the Children's Room, National Gallery of Macedonia, Mala Stanica, Skopje

**1995** - Orion Mist, Macedonian Cultural Center, Planetarium, Skopje

**1992** - Space landscapes, Café Gallery M, City Trade Center, Skopje
Prints, (with Ramiz Shkrijelj and Blagoja Bogeski), Basel, Switzerland

**1990** - Drawings and Graphics, Galija Restaurant, Skopje

**Group exhibitions:**

**2010**

Miniature, Association of the Macedonian Painters, OKO Gallery, Skopje
Review Exhibition, Association of the Macedonian Painters, Museum of the City of Skopje, Skopje
Winter gallery, Association of the Macedonian Painters, Museum of Contemporary Art, Skopje
Drawing and Graphics, Association of the Macedonian Painters, Army Hall, Skopje
25 Years Retrospective Debrca, National Gallery of Macedonia, Cifte Amam, Skopje
Debrca 2010, Sparkassë Gallery, Ohrid

**2009**

Review Exhibition, Association of the Macedonian Painters, Museum of the City of Skopje
Drawing and Graphics, Gallery of the Association of the Macedonian Painters, Army Hall, Skopje

**2008**

Organs for Skopje – Donor exhibition, National Gallery of Macedonia, Mala Stanica, Skopje
Winter Gallery, Museum of Contemporary Art, Skopje
Small format, Gallery of the Association of the Macedonian Painters, Army Hall, Skopje
Review Exhibition, Association of the Macedonian Painters, Museum of the City of Skopje, Skopje

**2007**

Small format, Cultural Information Center, Skopje
Review Exhibition, Association of the Macedonian Painters, Museum of the City of Skopje

**2006**

Winter Gallery, Association of the Macedonian Painters, National Gallery of Macedonia, Mala Stanica, Skopje
Review Exhibition, Association of the Macedonian Painters, Museum of the City of Skopje, Skopje

**2002 - 2005**

Small format, Cultural Information Center, Skopje
Small format, Association of the Macedonian Painters, Skopje
Review Exhibition, Association of the Macedonian Painters, Skopje

**1997 – 2001**

Small format, Cultural Information Center, Skopje
Review Exhibition, Association of the Macedonian Painters, Skopje
Annual exhibition of the Association of the Art Pedagogues

**1993**

New members of the Association of the Macedonian Painters, Gallery of the Association of the Macedonian Painters, Skopje

**1991**

Graduated students at the Academy of Fine Arts, Army Hall, Skopje

**Address:**
"Gjorgji Pop-Hristov" 9/3/12, Skopje
Tel. : 071/89 12 49; 078/47 22 41
E-mail: argoscaser@live.com



**Зелениот прстен,** 2004, асамблаж, дијаметар 77 см
**The Green Ring**, 2004, assemblage, diameter 77 cm

**Ацо Таневски**
**ПРИКАЗНИ ОД ДЕТСКАТА СОБА**
**Мала станица, февруари 2011**

**Alexander Tanevski**
**STORIES FROM THE CHILDREN'S ROOM**
**Mala Stanica, February 2011**

Национална галерија на Македонија
Железничка 18, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел.: ++389 (0)2 31 26 856, Факс: ++389 (0)2 31 09 566
e-mail: contact@nationalgallery.mk
web: www.nationalgallery.mk

National Gallery of Macedonia
Zeleznicka 18, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel.: ++389 (0)2 31 26 856; Fax: ++389 (0)2 31 09 566
e-mail: contact@nationalgallery.mk
web: www.nationalgallery.mk

Издавач: НУ Национална галерија на Македонија
За издавачот: Маја Крстевска, директор
Кустос: Горанчо Ѓорѓиевски
Текст: Горанчо Ѓорѓиевски
Превод на англиски: Валентина Данилова
Дизајн: Борис Шемов
Фотографии: Игор Василев
Лектура: Кирил Ангелов
Коректура: Михаил Лопарски
Печат: Скенпоинт, Скопје
Тираж: 500

Publisher: NI National Gallery of Macedonia
For the Publisher: Maja Krstevska, Director
Curator: Goranсho Gjorgjievski
Text: Goranсho Gjorgjievski
English translation: Valentina Danilova
Lay-out: Boris Semov
Photos: Igor Vasilev
Proof reading: Kiril Angelov
Correction: Mihail Loparski
Print: Skenpoint, Skopje
Copies: 500

Изложбата и каталогот се реализирани со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Македонија

The exhibition and the catalogue are realized with the financial support by the Ministry of Culture of the R. Macedonia

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

75.038.51(497.7)(06.064) Таневски, А.

ТАНЕВСКИ, Ацо
Приказни од детската соба : Мала станица, Скопје 2011 / Ацо Таневски ; [текст Горанчо Ѓорѓиевски ; превод на англиски Валентина Данилова ; фотографии Игор Василев] = Stories from the children's room ; Mala stanica, 2011 / Alexander Tanevski ; [text Goranсho Gjorgjievski ; English translation Valentina Danilova ; photos Igor Vasilev], - Скопје : НУ Национална галерија на Македонија = Skopje : NI National Gallery of Macedonia, 2011, - 12 стр. : илустр. ; 20x20 см

Текст на мак. и англ. јазик

ISBN 978-9989-196-64-5
I. Tanevski, Alexander види Таневски, Ацо
а) Сликарство - Ready made - Македонија - Изложби
COBISS.MK-ID 87074058

Поддржано од / Supported by:

COPYRIGHT © THE NI NATIONAL GALLERY OF MACEDONIA



**Сенката се претвори во бисер...**
2011, комбинирана техника, диптих, 90x92 см
**The Shade has Turned into a Pearl...**
2011, mixed media, diptych, 90x92 cm




**Смртната агонија на мистер Хајд,** 2009, колаж, 115x161 см, детаљ
**The Lethal Agony of Mister Hyde**, 2009, collage, 115x161 cm, detail